Арх.

Република Северна Македонија

-Државен инспекторат за животна средина-

Државниот инспекторат за животна средина преку Виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје со седиште на Бул.„3-та Македонска бригада 1“ бр.10а Скопје, застапувано од в.д. Директор Филип Филиповски, со Записник број ип1 10-237 од 04.10.2024 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) Се Опоменува субјектот на надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје, да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци и вршењето на активноста да ја усогласи со одребите од Закон за води и прописите кои ја уредуваат областа.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 30 (триесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

~~4) Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________ денари, на жиро сметка број ______________________.~~

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 и став3 од Закон за води (Сл. весник на РМ“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21)), преку Виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје, состави Записник број ип1 10-237 од 04.10.2024 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба: Во врска со јавната изјава на ЈПКД Комуналец Струмица за појава на загадена вода од испорачателот на сурова вода, на ден 04.10.2024 год. се изврши увид на брана Турија, лоцирана на дел од КП 1 и КП 2/1 КО Доброшинци-вон град, с.Доброшинци, Општина Василево, струмичко сливно подрачје, за нејзината функционалност, придружните објекти и акумулираната запремина. Браната е изведена како земјено-насипна брана со нафрлан чакал и камен по косините. Круната на браната е со должина од околу 420м и широка 8м. За конкретниот водостопански објект кој е во експлоатација од страна на субјектот на надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост - подружница Струмичко поле, се превземаат активности на зафаќање и користење на сурова вода од акумулацијата „Турија“, која сурова вода наменски се користи за водоснабдување, наводнување, производство на електрична енергија и употреба на браната со придружните објекти. Зафатената сурова вода за водоснабдување и

наводнување се користи согласно планот на корисниците, моментално зафатената сурова вода не се користи за производство на електрична енергија.Точката на зафат и испуст се со дефинирани координати, а котата на ниво на акумулацијата видно од вградената мерната лента изнесува 354 м.н.в. , просторот е обезбеден, заштитен и обележан со посебни знаци и табли за информирање на јавноста. За активноста која ја врши, условите и мерките кои треба да ги почитува при експлоатација на браната и обавување на дејноста субјектот, ја приложи на увид потребната документација, и тоа:

- Тековна состојба на субјектот од 13.08.2024 год
- Дозвола за користење на вода под бр.11-1716/2 од 12.03.2014 год одобрена од Министерство за животна средина и просторно планирање
- Допис упатен до Министерство за животна средина и просторно планирање под број.08-269 од 07.02.2024 год. за продолжување на Дозвола за зафаќање и користење на водата
- Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Турија под број 03/526-24 од 30.08.2024 г изработен од Градежен факултет при УКИМ
- Елаборат за одредување на границите на заштитните зони, заштитните и другите услови на водите наменети за конзумирање од страна на човекот изработен со тех. бр. 392-08-14 од септември 2014 год. од Градежен институт Македонија АД Скопје
- Извештај – дневна евиденција за кота на ниво, волумен на акумулација со проток за месец септември 2024год.
- Извештај за тестирање под бр.158/2024 од 24.01.2024 год. за здравствена безбедност на водата
- Договор под бр.03-285/1 од 16.05.2012 год. со склучени анекси кон основниот договор меѓу корисник ЈПКД Комуналец Струмица и Испорачател на сурова вода АД Водостопанство на РМ подружница „Струмичко поле" .

Констатација од извршениот увид: Субјектот на надзор е носител на дозвола за зафаќање и користење на сурова вода од акумулација брана „Турија", управува со браната и согласно наменските и приоритетните потреби испорачува сурова вода кон корисниците. При нејзината експлоатација, а врз основа на техничко набљудување за 2023 година има изработено Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на браната со придружните објекти. Субјектот редовно врши евиденција на кота на нивото на акумулацијата, запремина на акумулацијата и проток на вода низ инсталациите на браната, но добиените податоци редовно не ги доставува до Министерство за животна средина и просторно планирање.

Во однос на Планот за редовно одржување на браната, вграден уред за мерење на протокот, Елаборатот и Студијата за анализа на последиците од пропагација на поплавен бран при евентуално рушење или прелевање, коти на евакуација, изготвен Елаборат за изведениот систем за известување и тревожење, имплементиран елаборат за заштитни зони, извршените пресметки и уплати до моментот на времето на завршување на инспекциskиот надзор не се доставени на увид. Субјектот за поведената управна постапка пред надлежниот орган за продолжување на рокот за важноста на дозволата за користење на водата не поседува Решение одобрен согласно одредбите од Закон за води.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 10-237 од 07.10.2024 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.и.г.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Скопје
XXIV Shkup INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR Republika e Maqedonisë së Veriut